# MkPay

система за е-плаќање

# Плаќање на сметки со кредитна или дебитна картичка преку Интернет.

MkPay е апликација што ви овозможува Вашите сметки или фактури да ги платите преку Интернет со користење на кредитна или дебитна картичка од брендовите Visa и MasterCard.

На овој начин може да се плаќаат само фактури на оние трговци или вршители на услуги кои се регистрирани во системот MkPay.

Системот ги исполнува барањата на највисоките безбедносни стандарди со што се гарантира сигурноста на вашите податоци.

Користењето е во два чекори:

- избор на трговец и фактура што се плаќа
- плаќање со картична трансакција

## Како работи MkPay?

За да можете да ги користите услугите на овој систем потребно е прво да се најавите. За таа цел, на адресата [www.mkpay.mk](http://www.mkpay.mk) внесувате ваша мејл адреса на која имате соодветен пристап.



Со кликнување на копчето **„Потврди**“ на адресата што ја внесовте ќе ви биде испратена порака која ќе содржи шифра што треба да се внесе на следниот екран




Доколку не добиете лозинка или таа е погрешна имате две можности: да побарате нова или да наведете нова мејл адреса на која таа ќе ви биде испратена.

**Напомена: лозинката може да се користи само еднаш и при секое следно најавување мора да побарате нова лозинка.**

Потоа кликате на “**Додади нова фактура**„
На полето „**Примач**“ избирате **АП СЕРВИС 22**
На полето **„Претплатнички број“** , го внесувате вашиот број означен на Фактурата од горната десна страна означен со ш. *****.**
На полето „**Краток опис**“ внесувате пр. ( Ф-ра за 1 месец, ) или нешто слично
На полето јазик избирате јазик и кликнувате на „**Зачувај**“




На следната страна можете да одберете додавање на следна фактура за плаќање (копче „Додади нова фактура“) или да ги платите избраните фактури на копчето „**Плати**“.




По кликнување на копчето **„Плати“** системот ве води на екран каде треба да се внесат податоците за картичката со која сакате да платите.



Безбедна форма
Податоците се доверливи

**Податоци за платежна картичка**

Име и презиме

Број на картичка

CVV2/CVC2

Рок на важност 01 / 2020

Износ: MKD

Опис

Инфо

Откажи Потврди

VISA SECURE

mastercard ID Check

Инфо за процесот на плаќање: +389 2 3293 888

Доколку плаќањето е успешно, добивате екран со потврда и известување на вашиот мејл.